# ПАРИТЕ И
# ПОЛИТИКАТА

# ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ Е ЈАВНО И ТРАНСПАРЕНТНО!

Врската помеѓу парите и политиката е незибежна, очекувана, повторлива, универзална и сосема веројатно нераскинлива. Сето ова е разбирливо имајќи предвид дека политичките партии имаат потреба од пари за да развијат програми, да учествуваат во политички натпревар, да победат на избори и да практикуваат власт. Меѓутоа, оваа меѓузависност носи сериозни ризици да прерасне во **опасна врска** токму кога партијата ја има власта. Противуслугите во форма на посебен третман и „замижано око" се типот на корупција што најчесто ги разјадува демократиите низ светот.

Кога победува „поврзаниот" но, не и најдобриот, кога е суден случајниот но, не и виновниот, кога успева „обоениот" но, не и независниот, нема простор за демократија и развој.
Токму затоа одговорна е онаа држава која ја разбира но, и ја контролира оваа врска, која создава легален механизам за следење на тоа од каде доаѓаат, каде одат и како се трошат парите во политиката, и најважно од сѐ што обезбедува **јавност** во финансирањето на политичките партии со што им дава **моќ на избирачите** да проценат кому и за што го даваат својот глас.

# „ЈАСНИ ПРАВИЛА НА ИГРА, ПОГОЛЕМА ТРАНСПАРЕНТНОСТ“

Финансирањето на политичките партии е регулирано со: Законот за политичките партии, Законот за финансирање на политички партии, Законот за спречување на корупцијата, Изборниот Законик.

## „ПОТЕКЛО НА ПАРТИСКИТЕ ПАРИ“

Политичките партии се непрофитни организации и се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање.

### „ПАРИ ОД ДРЖАВНАТА КАСА“ (јавни извори на финансирање)

0,06 % од Буџетот на Република Македонија. 30 % од овие средства се распределуваат подеднакво на сите политички партии кои освоиле најмалку 1 % од вкупниот број од гласовите на избирачите кои гласале на последните парламентарни односно локални избори. Останатите 70 % се распоредуваат на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието односно советници во општините на последните парламентарни односно локални избори.

### „ПАРИ ОД ЏЕБ“ (приватни извори на финансирање)

Членарина, донации (пари, материјални средства или услуги), подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал. Вкупниот износ на поединечната донација **не смее** да ја надмине сумата од 150 просечни плати од правни лица и 75 просечни плати од физички лица.

# ЗАБРАНЕТО!

Политичките партии **не смеат да се финансираат од**: влади, меѓународни институции, органи и организации на странски држави и други странски лица, јавни установи, јавни претпријатија, јавни фондови или други правни лица кои располагаат со државен капитал; претпријатија кои имаат најмалку 20% учество на државен капитал, јавни установи и институции вклучувајќи ги и тие што го започнале процесот на приватизација; здруженија и фондации, верски заедници или религиозни групи; и анонимни или неидентификувани извори. Политичките партии **не смеат** да имаат средства во странски банки или други финансиски институции надвор од Република Македонија.

# „ИМАШ ПРАВО ДА ЗНАЕШ!“

Финансирањето на политичките партии се контролира преку нивната обврска да изготват:

- **годишен извештај за добиените донации** кој го доставуваат до:
  - Државниот завод за ревизија
  - Управата за јавни приходи
- **годишен финансиски извештај** за претходната година, и тоа најдоцна до 31 март кој се должни да го објават на своите веб страници и да го доставаат до Државниот завод за ревизија
- **годишна сметка за финансиското работење,** која ја обајвуваат на своите веб страници и ја доставуваат до:
  - Управата за јавни приходи,
  - Централниот регистар и
  - Државниот завод за ревизија.

* Само 40% од регистиранитe политички партии имаат веб страници

# „НАДЗОР И КАЗНА“

**Државниот завод за ревизија** (ДЗР) е клучниот орган во контролата на партиското финансирање.

Доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на политичката партија, ДЗР има должност да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од утврдувањето на неправилностите.

Извештаите од извршената ревизија на финансиското работење на политичкаите партии ДЗР е **должен** да ги објави на својата веб страница.

Доколку надлежниот суд утврди прекршување на законите во врска со финансирањето, на партиите ќе им изрече соодветни парични казни, па така доколку донаторот физичко лице донира повисок од дозволениот износ ќе биде казнет со износ од 1.000 до 2.000 евра, или со износ од 5.000 до 10.000 евра, доколку донаторот е правно лице. Казните за партиите кои на донаторот нема да му ја вратат разликата во средствата што го надминуваат законското ограничување, или нема да ја префрлат донацијата во буџетот на РМ (ако се работи за средства од анонимен донатор) ќе бидат казнети со најмалку петкратен, а најмногу дваесеткратен износ од висината на донираната вредност. Партиите ќе бидат казнети со најмалку 5.000, а најмногу 10.000 евра, доколку не ја почитуваат обврската за поднесување на финансиските извештаи. Ако политичките партии направат прекршок повеќе од двапати во текот на годината, истите ќе бидат казнети со недобивање буџетски средства во траење од една година.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Транспарентност Македонија (ТМ) е граѓанска организација која ја промовира јавноста и транспарентноста и се бори за сузбивање на корупцијата. Досегашните анализи на ТМ покажаа повеќе недоследности како во финасирањето на политичките партии така и во контролата на истото:

- Исклучително низок процент доставени извештаи до надлежните институции во 2011 година (приближно 11% од регистрираните политички партии );
- Непочитување на пропишаната форма за подготовка на годишните извештаи;
- Недостапност на партиите поради неточните или непотполни информации во Единствениот судски регистар;
- Неподготвеност на партиите да ги откријат своите финансии, и покрај тоа што со закон се обврзани на тоа;
- Непостоење на јак и доследен контролен механизам.

Затоа ТМ преку проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии" редовно го следи и анализира финансирањето на политичките партии како и начинот на контрола која ја спроведуваат надлежните институции. Наша алатка е слободниот пристап до информации од јавен карактер преку која добиените податоци, анализирани и преточени во годишни извештаи се достапни за јавноста!

# КОРИСНИ ЛИНКОВИ

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА

бул. Илинден 50,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел/факс +389 (2) 3121 100
**www.transparentnost-mk.org.mk**

## ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА

бул. Јане Сандански бр. 111,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел +389 (2) 2444 488,
факс + 389 (2) 2444 499
**www.soros.org.mk**
**www.spinfo.org.mk**

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија бр. 12/3, Палата
Македонија, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел +389 (2) 3211 262,
факс +389 (2) 3126 311
**www.dzr.gov.mk**

## ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ул. Мито Хаџивасилев - Јасмин б.б.,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел +389 (2) 3244 744 ,
факс +389 (2) 3244 745
**www.sec.mk**

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

ул. Даме Груев бр.1,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел +389 (2) 3215 377,
факс +389 (2) 3215 380
**www.dksk.org.mk**

## УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

бул. Кузман Јосифовски-Питу бр.1,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел +389 (2) 3299 500,
факс +389 (2) 3281 010
**www.ujp.gov.mk**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

ул. Димитрие Чупоски бр.9,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел  +389 (2) 3117-288,
факс + 389 (2) 3106-779
**www.pravda.gov.mk**

# ЛИСТА НА РЕГИСТРИРАНИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ ВО РМ

| | |
|---|---|
| **1. НОВА АЛТЕРНАТИВА НА** | ул Никола Русински 6.6., ТЦ Карпош 3 лок. 70, 1000 Скопје |
| **2. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА СДСМ** | ул. Бихаќка бр. 8, 1000 Скопје www.sdsm.org.mk |
| **3. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА** | бул. Кочо Рацин бр. 38/3-18, 1000 Скопје |
| **4. ВМРО- ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО ВМРО-ДПМНЕ** | ул. Македонија бр. 17а, 1000 Скопје www.vmro-dpmne.org.mk |
| **5. СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА СПМ** | ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје www.spm.org.mk |
| **6. СТРАНКА НА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СДА** | бул. К.Ј.Питу бр. 17 лок.40, 1000 Скопје |
| **7. МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА** | ул. Народен Фронт бр. 5 локал 7, 1000 Скопје |
| **8. ЛИБЕРАЛНО ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЛДП** | ул. Наум Наумовски Борче бр.83, 1000 Скопје www.ldp.org.mk |
| **9. СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА** | ул. Вашингтонска бр. 67, 1000 Скопје |
| **10. ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА** | бул. Васко Карангелески 6.6., 1000 Скопје www.lp.org.mk |
| **11. ОБЕДИНЕТА ПАРТИЈА ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА ОПЕ** | ул. Че Ге Вара бр. 37, 1000 Скопје |
| **12. ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ ДС** | ул. Стале Попов бр. 9 локал 4, 1000 Скопје www.demokratskisojuz.org.mk |
| **13. ВМРО- ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ВМРО- ДП** | ул. Ѓуро Стругар бр. 15-а, 1000 Скопје www.vmro-dp.org.mk |

| | |
|---|---|
| **14. ПАРТИЈА ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ТУРЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА<br>ПДТ** | ул. Пушкарска бр. 33, локал 5, 1000 Скопје |
| **15. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА<br>ДПСМ** | ул. 27 Март бр. 11, 1000 Скопје<br>www.dpsm.info |
| **16. ПАРТИЈА НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА** | ул. Првомајска б.б., Општина Кисела Вода, барака 2 соба 5, 1000 Скопје |
| **17. ПАРТИЈА НА ПРАВДАТА** | бул. Климент Охридски бр. 68, 1000 Скопје |
| **18. СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА<br>СДПМ** | бул. ЈНА бр. 54/1-1 – приземје, 1000 Скопје |
| **19. СРПСКА НАПРЕДНА СТРАНКА ВО МАКЕДОНИЈА<br>СНСМ** | ул. Даме Груев бр.10, 1000 Скопје |
| **20. ДЕМОКРАТСКА ЛИГА НА БОШЊАЦИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА<br>Д.Л.Б.М** | ул. Џон Кенеди бр.12, 1000 Скопје |
| **21. НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА<br>НДМ** | ул. Даме Груев бр. 10, 1000 Скопје<br>www.ndm.org.mk |
| **22. ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА ВЛАСИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА<br>ДСВМ** | ул. Раде Кончар бр. 2, 1000 Скопје |
| **23. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА<br>ДУИ** | ул. Панче Неделковски, бр. 47, 1000 Скопје<br>ул. 170, Мала Речица бр. 2, 1200 Тетово<br>www.bdi.org.mk |
| **24. ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ<br>ТМРО** | ул. Луј Пастер бр. 5, 1000 Скопје |
| **25. ДЕМОКРАТСКИ СИЛИ НА РОМИТЕ<br>ДСР** | ул. Шуто Оризари бр. 56, 1000 Скопје |

| | |
|---|---|
| **26. ВМРО-НАРОДНА ПАРТИЈА ВМРО-НП** | ул. Никола Вапцаров, бр. 2, 1000 Скопје<br>www.vmro-np.org.mk |
| **27. НОВА СОЦИЈАДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА - НСДП** | ул.  Вељко Влаховиќ бр. 4, зграда бр. 2, влез бр.1, стан бр. 6, 1000 Скопје<br>www.nsdp.org.mk |
| **28. ПАРТИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ПИР** | ул. Никола Тесла бр. 16-3/1, 1000 Скопје |
| **29. ПАРТИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА ПЕИ** | ул. Водњанска бр. 23, 1000 Скопје<br>www.pei.org.mk |
| **30. СОЈУЗ НА ТИТОВИ ЛЕВИ СИЛИ СТЛС** | ул. Железничка бр. 47, 1000 Скопје |
| **31. ДЕМОКРАТСКА ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА ДОМ** | ул. Никола Вапцаров бр. 18/1, 1000 Скопје<br>www.dom.org.mk |
| **32. ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВАВАРДАР-ЕГЕЈ-ПИРИН ТМРО-ВЕП** | ул. Финска бр. 19, 1000 Скопје |
| **33. НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА УНИЈА НДУ** | ул. Цветан Димов бр. 81, 1000 Скопје |
| **34. ПАРТИЈА НА СЛОБОДНИ ДЕМОКРАТИ ПСД** | ул. Цветан Димов бр. 155 – мезанин, О. Чаир П. Фах 1163, Скопје |
| **35. СОЈУЗ НА ЕЃИПЌАНИ-ОХРИД** | ул. Гоце Делчев бр. 62 а, 6000 Охрид |
| **36. ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ ДПА** | ул. Градски Плоштад Тетово бр. 15/1, 1200 Тетово<br>www.gurra-pdsh.org |
| **37. ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ПЦЕР** | ул. Иво Лола Рибар 6.6., 1200 Тетово |
| **38. ДЕМОКРАТСКА УНИЈА НА РОМИТЕ ДУР** | ул. Тризла бр. 155, 7500 Прилеп |

| | |
|---|---|
| **39. СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКА УНИЈА СДУ** | ул. Коста Шахов бр.12/2 , 1000 Скопје www.sdu.org.mk |
| **40. ПАРТИЈА НА ОБЕДИНЕТИ ДЕМОКРАТИ НА МАКЕДОНИЈА ПОДЕМ** | бул. Илинден бр. 60/2, 1000 Скопје www.podem.org.mk |
| **41. ДЕМОКРАЦИА Е РЕ – ПАРТИЈА ЗА НОВА ДЕМОКРАТИЈА** | ул. Прохор Пчињски бр. 133, 1000 Скопје www.demokraciaere.org |
| **42. ОБЕДИНЕТИ ЗА МАКЕДОНИЈА ОМ** | ул. Даме Груев бр.28, 1000 Скопје www.obedinetizamakedonija.mk |
| **43. НОВА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НЛП** | ул. Маршал тито бр. 33/1, 1000 Скопје |
| **44. ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ПДП** | ул Јане Сандански бр. 89/2, 1200 Тетово |
| **45. ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА – ВИСТИНСКИ ПАТ** | ул Илинденска бр.191, 1200 Тетово |
| **46. ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ** | ул. Илинденска бр. 52, 1230 Гостивар |
| **47. НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ПРЕРОДБА НДП** | ул. Битпазаарска бр. 60, 1000 Скопје www.rdk.org.mk |
| **48. ДЕМОКРАТСКА ДЕСНИЦА ДД** | ул. Илинденска бр. 41, 1000 Скопје |
| **49. ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДОСТОИНСТВО ППД** | ул. Ацо Караманов бр.17, 1000 Скопје |
| **50. РЕПУБЛИКАНСКА АЛИЈАНСА РА** | ул. Владимир Комаров бр. 18 6, 1000 Скопје |
| **51. САНЏАЧКА ЛИГА СЛ** | ул. Радишанска 6.6., 1000 Скопје |

ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

20 ГОДИНИ

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

design: www.koma.com.mk